Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 8, 11 јуни 2008 година

јуни 2008
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во научното подрачје животна средина на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Основи на природните науки" на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Здравствено воспитание" на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Трговско право на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 20

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО НАУЧНАТО ПОДРАЧЈЕ ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА РУДАРСТВО, ГЕОЛОГИЈА И ПОЛИТЕХНИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип, бр. 0210-145/59, од 28 мај 2008 година, формирана е Рецензентска комисија за изготвување и поднесување на писмен реферат за избор на соработник од **научното подрачје животна средина**, во состав: проф. д-р Борис Крстев, претседател, проф. д-р Блажо Боев, член, и доц. д-р Дељо Каракашев, член, сите од Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип.

На Конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ од 9.5.2008 година, за избор на соработник од научното подрачје животна средина, се пријавиле двајца кандидати, и тоа: м-р Трајче Митев – дипл.инж. по заштита на животна средина и м-р Марија Хаџи-Николова – дипл.инж. по заштита при работа.

По прегледот на добиениот материјал, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Трајче Митев** е роден на 10 ноември 1980 година во Штип, каде што завршува основно и средно гимназиско образование. Во 1999 година се запишува на Интердисциплинарните студии по инженерство на животната средина (ИСИЖС), на Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде дипломира во 2003 година. Во 2004 година се запишува на постдипломски студии „Планирање и менаџмент на животната средина“ на Факултетот „Lippe und Hoxter” во Hoxter – Германија. Во 2006 година магистрира на тема „Перспективи за пречистување и повторна употреба на комуналната отпадна вода во Србија и Македонија“, со оценка на магистерскиот труд многу добар (1,7) и средна оценка од осумте завршни испити со многу добар (2,1). Магистерската диплома му е нострифицирана од министерот за образование и наука, г. Сулејман Рушити, со Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, бр. 09-6841/7, од 5.3.2007 година, со што му е признаен научниот степен магистер на технички науки во Р. Македонија. За време на престојот во Германија, освен реализација на магистерски степен, работи на проект во фирмата „Hans Huber AG” во Berching – Германија. Во периодот од 2005 до 2006 г. работи на проектот „Проценка и оценка на инвестиционите и работните трошоци на планираната регионална депонија за комунален отпад за источниот дел на Македонија во Карбинци“. Исто така, поминува пракса во Винарската визба во Штип и Фабриката за производство на рафинирано масло за јадење – Брилијант во Штип.

Од странски јазици активно го знае германскиот јазик, а пасивно се служи и со англискиот јазик. Има познавање од: Microsoft Office, GPS, GIS, AutoCad, Surfer.

Има објавено труд на Меѓународното советување „Енергетика 2006“, одржано од 5 до 7 октомври 2006 година во Охрид, под наслов „Перспективи за прочистување и повторна употреба на комуналната отпадна вода од Општина Карбинци“, печатен во зборникот од ова советување на стр. 311. Тој е основач и претседател на невладината организација за Заштита на животната средина, природата и човековото здравје „ЕкоМакТим“ во Штип, јуни 2006.

**Марија Хаџи-Николова** е родена на 12 февруари 1972 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех.

Во 1990/91 година се запишува на Интердисциплинарните студии по заштита при работа на Машинскиот факултет во Скопје. За време на студиите има добиено пофалница од деканот на Машинскиот факултет за најдобар студен на генерацијата. Во 1994 година го завршува Факултетот со просечен успех од 9.40, со што повторно е наградена како најдобар дипломиран студент на Интердисциплинарните студии по заштита на работа, со што се стекнува со звање дипломиран инженер по заштита при работа. Во 2006 година се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип на Отсек рударство, насока Инженерство на рудничка средина. По положувањето на пропишаните постдипломскит испити со просек 9.57, на 14.3.2008 година успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „Загрозување на животната средина предизвикано од нарушување на стабилноста на земјени брани под дејство на сеизмички побуди“, со што се стекнува со научен степен магистер на технички науки. Во академската 2006/07 година, на ФРГП во Штип е ангажирана како демонстратор на Катедрата за рударска механизација по предметите Рудно машинско инженерство и Механика на флуиди.

На III меѓународен симпозиум „Современи трендови во подземната градба“, одржан во Белград, го публикува научниот труд под наслов „Модели на процена на еколошкиот ризик“, публикуван во зборникот на меѓународниот симпозиум.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореприложените податоци за кандидатите: м-р Трајче Митев – дипл.инж. по заштита на животна средина и м-р Марија Хаџи-Николова – дипл.инж. по заштита при работа, Комисијата го констатира следново:

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и од прикажаните резултати и достигнувања на пријавените кандидати, Комисијата констатира дека двајцата кандидати целосно ги исполнуваат горespоменатите услови.

Според тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип, кандидатите **м-р Трајче Митев – дипл.инж. по заштита на животна средина и м-р Марија Хаџи-Николова – дипл.инж. по заштита при работа да ги избере во звање помлади асистенти од научното подрачје на животната средина.**

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Борис Крстев, с.р.**

**Проф. д-р Блажо Боев, с.р.**

**Доц. д-р Дељо Каракашев, с.р.**